**стручен труд**
**УДК: 930.85(4):005.745(470)"2014"(049.32)**

# МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА „КАВКАЗОТ – КАРПАТИТЕ – БАЛКАНОТ: ГЕОПОЛИТИЧКИ, ЕТНОКОНФЕСИОНАЛНИ, РЕГИОНАЛНИ И ЛОКАЛНИ КОМПОНЕНТИ НА НАЦИОНАЛНИОТ МЕНТАЛИТЕТ НА НАСЕЛЕНИЕТО 18-20 ВЕК“

(Ставропол, 27–28 јуни 2014)

Меѓународната научна конференција „Кавказот – Карпатите – Балканот: геополитички, етноконфесионални, регионални и локални компоненти на националниот менталитет на населението 18-20 век“ (Международная научная конференция „Кавказ-Карпаты-Балканы: геополитичкие, этноконфесиональные, региональные и локальные компоненты национального менталитета населения в XVIII-XX вв.“) се одржа на Севернокавкаскиот федерален универзитет во Ставропол (Руската Федерација) на 27 и на 28 јуни 2014 година. Конференцијата беше во организација на: Севернокавкаскиот федерален универзитет (Северо-Кавказский федеральный университет), Рускиот државен хуманитарен универзитет (Российский государственный гуманитарный университет), Институтот за славистика при РАН (Институт славяноведения РАН), Капошварскиот универзитет (Капошварский университет), Националната асоцијација за изучување на Југоисточна Европа (Национальная ассоцияция по изучению Юго-Восточной Европы) и Научното друштво на кавказисти (Научное Общество Кавказоведов).

Свеченото отворање на Конференцијата и пленарните изла-гања беа проследени во Ректоратот на Севернокавкаскиот федерален универзитет, со поздравните обраќања на проректорот на СКФУ Д. А. Сумској, на А. М. Ерохин (директор на Хуманитарниот институт на СКФУ) и на И. В. Крјучков (декан на Факултетот по историја, филозофија и уметност). Во продолжение беа презентирани пленарните излагања: „Етничките процеси на просторот од Кавказ до Балканот во 20 век“ од К. В. Никифоров (од Институтот за славистика при РАН), „Проблем на идентитетот во поликултурните региони“ од В. А. Авксентјев (од Јужниот научен центар при РАН од г. Ростов на Дон) и „Северниот Кавказ во проблемското поле на новата локална историја“ на Т. А. Булигина (од Севернокавкаскиот федерален универзитет).

Конференцијата продолжи со работа во неколку секциски заседанија, кои беа посветени на одделни тематски целини. На првата

секција „Проблемите на идентитетот во услови на социокултурно пограничје на: Кавказот, Карпатите и Балканот“ беа загатнати повеќе прашања, поврзани со идентитетот, а обработувани од аспект на општествено-политичките релации и демографската структура, емиграцијата, меѓукултурните врски и етнокултурните влијанија, традицијата и современоста, националниот менталитет и елементите за градење на националниот идентитет, разни социолошки проучувања и осврт на социокултурниот идентитет, на школите и на образованието.

Во втората секција, насловена како „Кавказот, Карпатите и Балканот во контекст на интелектуалната историја“, беа презентирани реферати, во кои низ споредбен дискурс беа анализирани споменатите региони. Интелектуалната историја послужи како рамка за излагања на разни воено-стратешки, етнографски, историографски и други проучувања, интересни научни расправи за *својот* и за *туѓиот*, а пред сѐ, за претставите и реалностите, видени низ призмата на: воената публицистика, етнографските наративи, ракописите, литературните дела, периодичниот печат, публицистиката и историографијата.

Третата секција на тема „Кавказот, Карпатите и Балканот во светската политика“ обработуваше теми поврзани со етничките конфликти, идентитетот на одделни етнички групи и исламското образование, споредбена анализа на разните политички концепции и геостратешките модели на Балканот и на Кавказот (Османлиската Империја и Кримското Ханство, Хабзбуршката Империја и Кавказот, Руско-турската војна на Кавказот и нејзиниот третман во бугарската кинематографија, Молдавија, 1812). Темите се однесуваа и на одделни проблеми и современи регионални прашања (Унгарија на Балканот во крајот на 20 век, етнополитичката ситуација во Дагестан, Чеченија, Косово, Јужен Кавказ, ерменските односи во регионален контекст, Црноморскиот регион, Кримско-татарскиот проблем, „Источното партнерство“, Украина и евроинтеграциските и евроазиските идеи).

Четвртата секција беше посветена на „Балканот, Карпатите и Кавказот во политичкиот и во социокултурниот простор на Руската, Османлиската и Австро-Унгарската Империја“. Научните теми се однесуваа на етноконфесионалните аспекти на политиката на Русија и Османлиската Империја на Кавказ, Крим и Балканот, социјално-економските врски,  Кавказската војна и преселбите на кавкаските Горци, кавкаско-карпатско-балкански паралели на административно-судскиот и воениот систем на Османлиската Империја, воено-народната управа, како и аспекти на Руско-турската војна (1877-1878) и улогата на милосрдните сестри итн.

Конференцијата беше затворена со завршни обраќања на претставниците на Универзитетот домаќин, со заклучни излагања на претседавачите на научните секции, како и со обраќањето на ректорот на Севернокавкаскиот федерален универзитет во Ставропол А. А. Левитскаја.

Атрактивноста на предложената тема за Конференцијата беше очевидна со големиот број пријавени учесници од разни земји: Русија, Полска, Молдавија, Македонија, Бугарија, Србија, Ерменија, Грузија, Белорусија. Темите што беа презентирани и обработувани на Конференцијата овозможија богата научна дискусија со широк опсег и со разновидни дискурси. Бесконечните можности за истражување на тематиката што опфаќа аспекти на геополитичките, етноконфесионалните, регионалните и локалните компоненти на националниот менталитет на населението од 18 до 20 век на: Кавказот, Карпатите и Балканот, претставува предизвик и за идни слични научни дијалози.

**Билјана Ристовска-Јосифовска**